# Локална Младинска Стратегија

**(2011-2015 година)**

**и**

# Акционен План

**(2011 година)**

**на**

# Општина Кисела Вода

## Кратка содржина

1. Листа на кратенки ........ 3
2. Вовед ........ 4
3. Анализа на состојбата ........ 6
4. Краток преглед ........ 8
5. Локална Младинска Стратегија- Општина Кисела Вода ........ 9
6. Приоритет: Култура ........ 9
7. Приоритет: Волонтерство ........ 10
8. Приоритет: Неформално образование ........ 11
9. Акционен План- 2011 година ........ 13
10. Приоритет: Култура ........ 13
11. Приоритет: Волонтерство ........ 20
12. Приоритет: Неформално образование ........ 25
13. Членови на Работна група ........ 27

## Листа на кратенки

ЛМС – Локална младинска стратегија

СЕГА – Коалиција на младински организации СЕГА

АМС – Агенција за млади и спорт

НВО – Невладини организации

Р.М. – Република Македонија

ЕУ – Европска Унија

НФО – Неформално образование

АП – Акционен план

ОУ – Основни училишта

ДСУ – Државно средно училиште

БС- Бизнис сектор

ВЦС- Волонтерски Центар Скопје

ОКВ – Општина Кисела Вода

# Вовед

**Волонтерски Центар Скопје** е НВО, формирана во 2005-та година, од страна на поранешни ЕВС волонтери. ЕВС, или Европски Волонтерски Сервис е дел од програмата Млади во Акција, финансирана од страна на Европската Комисија, која им овозможува на младите луѓе од Европа, на возраст од 18-30 години, да волонтираат на најразлични проекти во некоја од Европските држави, во времетраење од 2-12 месеци. Како НВО, наши главни активности се промоција на волонтаризмот, неформалното образование, активно граѓанство и имплементација на законот за волонтерство во РМ.

Коалицијата на младински организации СЕГА, во соработка со Агенција за млади и спорт на РМ и Швајцарската агенција ЦИРА, од 1 јануари 2010 година започна да го имплементира проектот Креирање на локални младински стратегии. Проектот се имплементира во 10 општини во Република Македонија: Илинден, Кисела Вода, Кавадарци, Битола, Прилеп, Гевгелија, Тетово, Свети Николе, Штип и Радовиш.

Одговорни за фасилитација на процесот за креирање на ЛМС, за **општината Кисела Вода**, беше **Волонтерски Центар Скопје** кој работи на поврзување на младите луѓе на еднакви основи, без разлика на нивната национална, верска, расна, политичка и економска припадност. **ВЦС** активно работи во рамките на програмата Млади во Акција, финансирана од страна на Европската Комисија, и во рамките на наведената програма се организираат и реализираат младински размени, тренинг курсеви, семинари и работни кампови.

Целокупниот процес на реализација и имплементација на ЛМС за ОКВ, се одвиваше во неколку фази.

- Во првата фаза беа утврдени и формирани Координативно тело и Работна група за ЛМС, по што се пристапи кон организирање на првата Фокус група, на која беа утврдени главните приоритети за младите во ОКВ. Како главни приоритети, на кои треба да им се посвети поголемо внимание во следните 5 години, беа утврдени следниве: **Култура** (во поширока смисла на зборот), **Волонтерство** и **Неформално образование**. По завршувањето на фокус групата и утврдувањето на приоритетите, се пристапи кон реализација на анкета на територија на ОКВ, на која беа анкетирани 196 испитаници- млади лица на возраст од 15-29 години, како репрезентативен примерок на ОКВ. По комлетирањето на наодите, беше организирана повторно Фокус група, на која беа анализирани резултатите од анкетата и се утврдија предлози за решавање на конкретните проблеми. Исто така, во оваа фаза се пристапи кон реализација на интервјуа на Претседателот на Советот на ОКВ, Директорот на ДСУ Васил Антевски-Дрен и двајца советници од општинската администрација, задолжени за образование, култура и млади.

- Втората фаза опфати директна работа на работната група за ЛМС, која ги утврди општите и специфичните цели за ЛМС, базирани на претходно утврдените приоритети за ОКВ и анализите на истражувањето. Исто така, беа утврдени и стратегиите за остварување на специфичните цели за ЛМС. Откако целите и стратегиите беа финализирани, се пристапи кон изработка на едногодишен Акционен план, за реализација на активностите, во текот на 2011 година. АП и ЛМС ќе бидат дадени на увид на јавна расправа, од која ќе бидат заведени забелешките и ќе бидат вклучени во финалната верзија на ЛМС за ОКВ.

Целокупниот процес на  изработка и ЛМС за ОКВ се одвиваше на транспарентен начин, преку вклучување на сите структури од ОКВ, кои се поврзани со остварување на интересите на младите на територијата на ОКВ.

## Анализа на состојбата

Проектот за креирање на ЛМС како целна група ги опфаќа младите лица, на возраст од 15-29 години, кои живеат и функционираат територија на ОКВ. Со реализација на ЛМС за ОКВ се очекува значително подобрување на состојбата на младите и нивно унапредување, во текот на наредните 5 години.

Коалицијата СЕГА, заедно со Агенција за млади и спорт на РМ ги идентификува 10-те општини, во кои ќе реализиран проектот ЛМС. Меѓу 10-те општини, ОКВ ја имаше привилегијата да претставува дел од овој пилот проект, со кој конечно се пристапува кон подобрување на состојбата на младите на локално ниво.

Во периодот Март-Април 2010 година, се направи истражување на локално ниво, со кое беа опфатени 196 испитаници (млади лица, на возраст од 15-29 години). Со реализацијата за истражувањето, беше направена анализа на состојбата на утврдените приоритети на територијата на ОКВ. Фреквентноста на застапеност на лицата во анкетата, во однос на пол, возраст и друго е следнава:

- Полова застапеност: Машки пол (44,9%), Женски пол (55,1%).
- Возраст: 15-19 год. (31.1%), 20-24 год. (41.3%), 25-29 год. (27.6%).
- Национална припадност: Македонец/Македонка (93.9%), Албанец/Албанка (2.0%), Ром/Ромка (1.0%), Влав/Влаинка (1.5%), Србин/Србинка (1.0%), Друго (0.5%).
- Место на живеење: Урбана населба (96.9%), Рурална населба (3.1%)
- Степен на образование: Основно (0.5%), Средно (11.7%), Високо (25.0%), Магистер (2.6%), Ученик (24.0%), Студент (36.2%).
- Работен статус: Ученик/Студент (60.7%), Невработен (17.9%), Вработен (21.4%).

Во однос на реализацијата и состојбата на трите утврдени приоритети, анализирани преку наведената анкета, би можеле да го издвоиме следново, кое всушност ни ја дава вистинската состојба и третман на приоритети Култура, Неформално образование и Волонтерство, на територија на ОКВ, според мислењето и потребите на младите лица.

1. Во однос на поставените прашања, поврзани со првиот приоритет **Култура**, можеме да ги издвоиме следниве одговори во проценти, кои је отсликуваат реалната состојба во ОКВ, како на пример: 55.6% од младите лица се само делумно задоволни од понудениот културен живот, 53.1% од младите мислат дека нема културни објекти на територија на ОКВ, 44.4% од младите мислат дека младите треба поактивно да се занимаваат со спорт, 58.7% од младите го поминуваат своето слободно време во кафулиња и пред телевизор итн.

2. Во однос на поставените прашања, поврзани со првиот приоритет **Волонтерство**, можеме да ги издвоиме следниве одговори во проценти, кои ја отсликуваат реалната состојба во ОКВ, како на пример: 36.7% од младите мислат дека ОКВ треба да формира младински информативен центар, со цел информациите да стигаат побрзо и подиректно до младите лица, 64.29% мислат дека нема доволно младински иницијативи на територија на ОКВ, 94.9% од младите никогаш не учествувале во некоја иницијатива за разрешување на некој проблем на младите, 68.88% од младите никогаш не волонтирале, 30.61% од младите имаат мислење дека волонтерството може да се искористи за подобра подготовка на младите лица, пред да стапат на работно место, итн.

3. Во однос на поставените прашања, поврзани со првиот приоритет **Неформално образование**, можеме да ги издвоиме следниве одговори во проценти, кои ја отсликуваат реалната состојба во ОКВ, како на пример: 51% процент од испитаниците во последните 12 месеци учествувале на некаква форма на неформално образование, 34.7% од младите мислат дека неразновидната понуда на НВО се должи на недоволната поддршка од страна на локалната самоуправа, 30.6% од младите мислат дека поактивно би се вклучиле во НВО, ако тоа се нуди бесплатно или по поволна материјална надокнада, 34.2% од младите мислат дека ОКВ би можела да помогне во унапредувањето на статусот на НВО, преку материјална и друга поддршка на НВО-та, кои нудат таков вид на образование, итн.

Во процесот на изготвување на наведената ЛМС, се пристапи кон сериозна анализа на терен, на територијата на ОКВ, и во таа анализа и подготовка на ЛМС беа вклучени сите релевантни сектори, кои функционираат во ОКВ: НВО, Советот на ОКВ, Локалната администрација, претставници на ОУ и ДСУ, претставници на урбаните заедници, студентски здруженија, подмладоци на политичките партии, социјални и здравствени центри и младите, како индивидуи.

## Краток преглед

Во првата фаза беа утврдени следните приоритети, на кои ОКВ ќе се фокусира во следните 5 години:

- Култура (во поширока смисла на зборот),
- Неформално образование и
- Волонтерство.

Со оваа стратегија се образложени приоритетите на ниво на цели на приоритет, специфични цели за секој приоритет и стратегии за решавање на секоја специфична цел. Овие сегменти даваат конкретни предлози како да се адресираат потребите на младите во овие приоритетни области, во следните 5 години. Вториот дел на овој документ опфаќа Акционен План за имплементација на активности за наведената ЛМС, во текот на 2011 година.

# Локална Младинска Стратегија- Општина Кисела Вода

## Приоритет: Култура

**Општа цел**- Развој и подобрување на културниот и социјалниот живот на младите луѓе на територија на општината Кисела Вода.

**Што главно треба да се подобри со оваа стратегија во областа на соодветниот приоритет**- Подобро искористување на слободното време кај младите и што по целисходно учество во културните настани на територијата на општината Кисела Вода. Исто така, подобрување и одржување на инфраструктурата од областа на културата.

1. Специфична цел- Активна партиципација на младите лица во културниот живот на општината.

- Стратегија - организирање на поголем број на спортски настани и директно учество на младите лица во тие настани.
- Стратегија - поддршка и учество на младите лица во рамките на културното лето, кое го организира општината.
- Стратегија - вклучување на младите лица во организацијата и реализацијата на музички настани, театарски претстави и друго, во покровителство на Општината Кисела Вода.
- Стратегија - вклучување на млади стручни лица во рамките на истражувањето на новите археолошки ископини.

2. Специфична цел - Поттикнување на младите лица и општинските органи за планирање и реализација на поголем број на културни настани.

- Стратегија - Формирање на иницијативни мрежи и културни граѓански совети, совети во урбаните заедници, промоција на кампањи, итн.

3. Специфична цел - Подобрување на соработката и меѓусебното информирање помеѓу општината и младите луѓе.

- Стратегија - Воспоставување на сектор за соработка со млади во општината, задолжено за подобрување на комуникацијата, информирањето и транспарентноста.
- Стратегија - Овозможување места за волонтерство за младите во општината и запознавање со нејзините ингеренции и надлежности.

4. Специфична цел - Подобрување на комуникација помеѓу младите лица и културните и младинските центри, кои функционираат на територијата на општината.

- Стратегија - Едукација на младите луѓе за нивните права и обврски, во рамките на локалната самоуправа, преку организирање на состаноци, обуки, предавања и друго.

## Приоритет: Волонтерство

**Општа цел** - Поврзување на младите лица со структурата на функционирање на општината (локалната самоуправа, стопанскиот и граѓанскиот сектор) и развој и афирмирање на волонтерскиот дух.

**Што главно треба да се подобри со оваа стратегија во областа на соодветниот приоритет** - Подобро искористување на слободното време кај младите луѓе во општината, развивање на свеста и максимално искористување на волонтерскиот капацитет кај младите лица.

1. Специфична цел - Поврзување и комуникација на младите луѓе со стопанските субјекти на територијата на општината, со цел добивање на информации за можни идни вработувања.

- Стратегија - Искористување на постојните капацитети на општината, за поврзување и создавање на мост на соработка помеѓу младите луѓе и стопанските субјекти.
- Стратегија - Соработка со општинската администрација, со цел добивање директни информации околу можните места за волонтирање.

2. Специфична цел - Поврзување и комуникација на младите луѓе со граѓанските и другите здруженија на територијата на општината, со цел исползување на можна идна соработка.

- Стратегија - Искористување на постојните капацитети на општината, за поврзување и создавање на мост на соработка помеѓу младите луѓе и граѓанските здруженија.
- Стратегија - Користење на капацитетите на граѓанскиот сектор за што подобро информирање на младите лица.
- Стратегија - Зајакнување на механизмите на општинското одделение за комуникација со граѓанскиот сектор и ставање во функција за потребите на младите лица.

3. Специфична цел - Промовирање на законот за волонтерство и овозможување непосреден пристап на младите лица до законските обврски и придобивки.

- Стратегија - Информирање на младите лица околу придобивките од волонтирањето, особено со регулирање на волонтерскиот статус со употреба на законот за волонтирање.
- Стратегија - Одржување и реализација на обуки, информативни средби и друго, како за младите лица, така и за граѓанските здруженија, поврзани со позитивните придобивки околу волонтирањето и регулирање на волонтерскиот статус.

4. Специфична цел - Промовирање на полесен пристап на лицата со посебни потреби, кон можностите за волонтирање во општината.

- Стратегија - Овозможување на волонтерски места во општината, граѓанскиот и бизнис секторот, за лицата со посебни потреби.

## Приоритет: Неформално образование

**Општа цел**- Издигнување на статусот на неформалното образование на ниво на формалното, како и искористување на можностите што неформалното образование ги нуди и истакнување на важноста и неопходноста на неформалното образование, во денешните динамични услови на живеење.

**Што главно треба да се подобри со оваа стратегија во областа на соодветниот приоритет**- Подобро искористување на можностите за неформалното образование од страна на младите лица и негово активно ставање во функција.

1. Специфична цел - Искористување на потенцијалите за неформално образование со кои општината располага.

- Стратегија - Организирање на обуки, семинари и слично, од страна на општинската администрација, на кои граѓаните на општината ќе се запознаат со важноста на неформалното образование.

2. Специфична цел - Создавање на мост на соработка помеѓу општината и здруженијата на граѓани, кои располагаат со капацитети за овозможување на неформално образование.

- Стратегија - Одржување на редовни координативни средби помеѓу општината и здруженијата на граѓани, на кои ќе се координираат активностите во областа на неформалното образование.

- Стратегија - Организирање и реализација на семинари и обуки од областа на неформалното образование, во заедничка организација помеѓу општината и здруженијата на граѓани.

3. Специфична цел - Создавање на мост на соработка помеѓу младите лица и здруженијата на граѓани, кои имаат капацитети за овозможување на неформално образование, линк во кој општината како институција, ќе има посредна и непосредна улога.

- Стратегија - Организирање на информативни средби со граѓаните од страна на граѓанските здруженија, со инфраструктурана поддршка од страна на општината.
- Стратегија - Организирање на обуки, семинари и слично, од страна на граѓанските здруженија, во кои активно учество ќе заземат младите лица од општината, во рамките на неформалното образование.
- Стратегија - Информирање на граѓаните од општината за одржување на обуки и семинари од областа на неформалното образование, преку користење на информативните средства со кои располага општината, но и средствата со кои располагаат и граѓанските здруженија.